Врз основа на член 9 и член 13 од Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел“ бр. 11/2022 и 01/2024) и член 1 и член 6-б од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.03/2025 од 14.03.2025 година), Комисијата за селекција и избор на апликанти за спортски стипендии, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17-754/2
08.04.2025 год.
СКОПЈЕ

## 1. Назив и адреса на органот:

Општина Бутел ул. „Бутелска“ бр. 4 - Скопје

## 2. Видови на спортски стипендии и нивна висина:

Општина Бутел ја доделува шестата категорија стипендии и тоа:

2.1. Стипендија од шеста категорија во висина од 6.000,00 денари која ќе се исплати еднократно;

## 3. Критериуми и услови за стекнување со спортска стипендија:

3.1.Стипендија од петта категорија ќе се доделува само на спортисти кои се натпреваруваат во пионерска, кадетска и младинска конкуренција.

За оваа категорија ќе се земат предвид спортски резултати, односно резултати кои се постигнати во пионирски, кадетски и младински натпреварувања.

Редоследот на рангирање за оваа категорија ќе биде врз основа на следните натпреварувања:
- Олимписки игри
- Светски првенства
- Европски првенства
- Балкански првенства
- Меѓународни турнири
- Државни првенства
- Државни (домашни) турнири

3.2.За некоја од наведените спортски стипендии, може да конкурираат спортисти кои ги исполнуваат следните услови:
- спортистот да биде државјанин на Република Северна Македонија и жител на Општина Бутел;
- спортистот да е активен спортист член на регистриран спортски клуб;
- спортистот да има спортски постигнувања во екипни и индивидуални спортови во тековната и претходната година;

## 4. Потребни докази за исполнување на условите за стекнување со спортски стипендии:

Во поткрепа на исполнување на условите од точка 3 на овој Повик, спортистот мора:
- да достави потврда од спортскиот клуб дека е член на клуб;
- да бидат наведени спортските резултати од тековната и претходната година;
- да достави Билтен од натпреварите на кои се постигнати спортските резултати;
- да достави копија од Уверение за државјанство односно лична карта;
- трансакциска сметка

**5. Право за аплицирање и начин на поднесување на апликациите:**

5.1. Заинтересираните спортисти кои ги исполнуваат условите од точка 3.2. од овој Јавен повик, апликациите треба да ги доставаат до архивата на Општина Бутел.
5.2. Апликацијата и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „не отварај" и бројот на повикот. Пликот не смее да содржи никаква ознака која би може да го идентификува апликантот. Апликацијата и целокупната документација се доставува во еден оригинален примерок и соодветни Билтени кои откако ќе бидат прегледани ќе му бидат вратени на апликантот.

6. **Рок за поднесување на апликациите**:

6.1. Апликациите за учество на Јавниот повик со комплетната барана документација се доставуваат до архивата на Општина Бутел, од денот на објавувањето на Јавниот повик на ВЕБ страната на Општина Бутел.
6.2. Јавниот повик ќе биде отворен 15 **дена** од денот на обајвувањето на ВЕБ страната на Општина Бутел.
6.3. Некомплетните апликации и апликациите кои нема да бидат согласно овој Повик нема да бидат земени во разгледување.

Комисијата за селекција и избор на
апликанти за спортски стипендии